**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**
**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *П С И Х О Л О Г И Ј А*

**за III година**

***ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА***

***медицинска сестра, фармацевтски лабораториски техничар, забен техничар, медицински лабораториски техничар, физиотерапевтски техничар***

**Скопје, мај 2001 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

### 1.1. Назив на наставниот предмет: ПСИХОЛОГИЈА
### 1.2. Образовен предмет и струка на која припаѓа предметот:

1.2.1. Образовен профил: Медицинска сестра
фармацевтски лабораториски техничар
забен техничар
медицински лабораториски техничар
физиотерапевтски техничар
1.2.2. Струка: Здравствена

### 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Заедничко стручен предмет

### 1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Трета година

### 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

### 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Учениците што ја изучиле оваа програма ќе:

- можат да ја објаснат поврзаноста и меѓузависноста помеѓу психата и телото;
- можат да го поврзуваат влијанието на некои биолошки и срeдински фактори со однесувањето;
- можат да препознаваат експлицитни манифестации на нормално и патолошко во психичкиот живот;
- можат да користат основна психолошка терминологија;
- можат да ги поврзуваат психолошките манифестации кај пациентите со нивната болест и животната ситуација
- умеат да ги препознаат реакциите и одбранбените механизми на пациентите и соодветно да реагираат;
- умеат да ја препознаат емоционалната состојба на пациентите и да ги поттикнуваат позитивните механизми за заздравување;
- умеат да ги поттикнуваат болните да се заземат за сопственото лекување;
- можат да ги препознаат манифестациите на поизразените нарушувања на психичкиот живот и соодветно да реагираат;
- умеат да ја прилагодат комуникацијата со пациентите соодветно на нивната возраст и психолошкиот профил на болеста;
- поседуваат лични особини неопходни за професионално и етичко однесување;
- умеат да соработуваат со други и да работат во тим.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини и постигнување на целите, потребни се предзнаења од следниве наставни предмети што ученикот веќе ги изучувал: анатомија со физиологија (I година), биологија (VIII одделение, I и II година), нега на болен (II година), хигиена со здравствено воспитување (I година).

# 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

## 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ПРЕДМЕТ И ГРАНКИ НА ПСИХОЛОГИЈАТ А**<br>**-психологијата како научна и практична дисциплина;**<br>**-органски основи на психичкиот живот;**<br>**-психолошки дисциплини.** | **3** | Ученикот:<br>-да ја сфати психологијата како научна и практична дисциплина;<br>-да ги разликува психолошките дисциплини што се поврзани со здравствената практика (медицинска психологија, ментална хигиена, психопатологија, клиничка психологија, психологија на личност);<br>-да ги препознава анатомските и физиолошките основи (нервен систем и хормонален систем) на психичкиот живот<br>-да ги објаснува врските меѓу физичкото и психичкото;<br>-да формира позитивен однос кон примената на психологијата во здравството. | Наставникот:<br>-насочува дискусија за научното и здраворазумското сфаќање за психата;<br>-развива дискусија за потенцијалите на примената на психоло-гијата во здравствената практика;<br>-ја објаснува поврза-носта на физичкото и психичкото (прикажува слики, модели, видеоленти, интерпретира студии на случаи);<br>-ги излага и споредува подрачјата на проучу-вање и примена на психолошките дисци-плини во здравството; | -претходни знаења од биологија, анатомија, патологија, нега на болен;<br>-искуства на учениците од секојдневниот живот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. ОСНОВНИ ПСИХИЧКИ ПОЈАВИ**<br>**-поим за психички процеси, особини и состојби;**<br><br>**-осети и перцепции;** | **22** | -да прави разлики меѓу психолошки процеси, состојби и особини;<br>-да ја објаснува поврзаноста меѓу психичките состојби и психичките процеси;<br>-да опишува и објаснува свесна состојба;<br>-да споредува и разликува свесна од несвесна состојба на човек;<br><br>-да прави разлика меѓу дразба и осет;<br>-да опишува и објаснува надворешни и внатрешни осети;<br>-да ги распознава основните закони на перцепција и да ги поврзува со процесот на забележување;<br>-да ги препознава психолошките појави далтонизам и ахроматизам и да го објаснува нивното значење за патологијата на забележувањето;<br>-да ги користи сите сетила во перцепцијата на болните;<br>-да ги забележува промените кај болните;<br>-да дава примери од практиката за специфики во перцепцијата на болен човек, за перцепција на здравствените работници;<br>-да открива и опишува состојба на сетилните органи кај болни; | -поттикнува и насочува дискусија;<br>-покажува слики и слајдови;<br>-прикажува примери и развива дискусија за нив, објаснува;<br>-демонстрира ситуации сврзани за перципирањето;<br>-изведува вежби за фокусирано набљудување;<br>-упатува на набљудување на болни и анализа на забележеното;<br>-ги објаснува поврзаноста на промените во сетилните органи кај болните со тешкотиите во комуникацијата со нив;<br>-прикажува примери за нарушувања на перцепциите и развива дискусија за нив;<br>- бара да се изработат мисловни мапи. | -нега на болен;<br>-патологија;<br>-физика;<br>-анатомија и физиологија;<br>-искуство од секојдневниот живот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-учење**<br><br><br><br><br><br><br>**- помнење и заборавање;** | | -да објаснува појави на нарушување на перцепцијата;<br>-да ја објаснува поврзаноста на агнозиите со повредите на CNS;<br>-да ги објаснува халуцинациите како најтешки нарушувања на перцепцијата;<br>-да ги објаснува и дава примери на промени во перципирањето под влијание на болеста, стравот и некои лекови;<br><br>-учењето да го разгледува од аспект на значењето за формирање на личноста;<br>-да разликува видови учење според начинот и содржината;<br>-да го објаснува учењето по пат на условување и да го поврзува со формирањето на емоционални реакции;<br><br>-да ги разликува видовите помнење (сетилно, краткотрајно, долготрајно);<br>-да го објаснува процесот на заборавање;<br>-стекнатите знаења за помнењето да ги применува во сопственото учење и во практиката со пациенти;<br>-да ги распознава патолошките појави во помнењето и да ги поврзува со трауми, болест и примена на фармаколошки средства; | -објаснува, дефинира, класифицира содржини;<br>-ги поттикнува учениците да изнаоѓаат примери за видовите учење и помнење;<br>-дава примери за процес на заборавање и патолошки промени во помнењето;<br>-дава насоки за дискусија на примери од практични вежби;<br>-ги насочува учениците на воочување и забележување на појави од областа на учењето и помнењето;<br>-води бура на идеи, исфорсирани врски; | -хирургија (трауми на CNS);<br>-фармакологија;<br>-претходните знаења за болести на зависност;<br>-содржини од секојдневниот живот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-мислење и интелигенција;** | | -да го објаснува мислењето како важен сознаен процес;<br>-да ги споредува и поврзува мислењето и асоцијациите;<br>-да ги објаснува поврзувањата на мислите според законите на асоцијации;<br>-да дава примери за причини и последици меѓу појавите;<br>-да забележува различни карактеристики за мислењето кај пациентите и да ги објаснува;<br>-да препознава манифестација на интелигентно однесување и дава примери на интелигентно однесување;<br>-да препознава одделни начини за мерење на интелигенцијата;<br>-да ја објаснува распределбата на интелигенцијата во популацијата;<br>-да дискутира карактеристични манифестации на ментална ретардација и дава примери за тоа;<br>-да ги разликува различните категории на ментална ретардација; | -објаснува;<br>-вежби за слободни и насочени асоцијации;<br>-покажува и задава тест на интелигенција;<br>-дава примери;<br>-задава изработување мисловни мапи; | -биологија; |
| **-емоции;** | | -да ги опишува карактеристиките на емоциите, чувствата и расположенијата; | -објаснува;<br>-дава примери; | -анатомија и физиологија (нервен и ендокрин систем);<br>-секојдневно искуство; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -да ги објаснува органските основи на емоционалните доживувања;<br>-да разликува примарни од секундарни емоции;<br>-да ги поврзува емоциите и чувствата со физичката и психичката состојба;<br>-да ги поттикнува позитивните чувства кај болните;<br>-да умее да ги контролира сопствените емоции;<br>-да употребува емпатија во работата со пациентите;<br>-да го објаснува механизмот на настанување на психосоматските болести;<br>-да ги споредува и разликува стравот, афектот, анксиозноста и психотраумата;<br>-да делува врз намалување на стравот од болеста и интервенции кај пациентите и кај нивните блиски;<br>-да препознава анксиозност кај пациентите;<br>-да делува врз болните да не се развие хоспитализам; | -ги упатува учениците на наведување примери од нивната практика со болните;<br>-организира играње улоги за контрола на емоциите;<br>-насочува на интроспекција на емоционалните состојби;<br>-дискусија: про и контра<br>-чек листи за оценување на идеи за избегнување хоспитализам;<br>-задава да се изработат мисловни мапи; | -нега на болен; |
| **-мотивација;** | | -да ја објаснува мотивацијата и да дискутира за нејзината важност за однесувањето;<br>-да разликува биолошки од социјални мотиви;<br>-да го поврзува мотивот за живот со | -објаснува;<br>-поттикнува дискусија;<br>-бара примери од искуството на учениците; | -биологија;<br>-примери од секојдневниот жувот;<br>-нега на болен; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | процесот на лекување;<br>-да дава примери за важноста на мотивот за сигурност кај децата и кај болните;<br><br>-да ја објаснува важноста на мотивот на приврзаност за развојот на личноста;<br>-да ги препознава и објаснува основните потреби на болниот и да умее да најде начини за нивно задоволување;<br>-да има професионален однос во работата со пациентите и со вработените; | -бара изработување мисловни мапи;<br>-изработува со учениците чек листи на идеи; | |
| **-интереси и ставови;** | | -да разликува интереси од ставови;<br>-да го објаснува влијанието на интересите во формирањето на личноста;<br>-да ја дискутира поврзаноста на интересите со интелигенцијата и со социјалното искуство;<br>-да ги објаснува ставовите и начинот на нивното формирање;<br>-да разликува лични и социјални ставови;<br>-да ја опишува и дискутира здравствената култура на населението кај нас;<br>-да дава примери на предрасуди за здравјето, болеста и лекувањето; | -објаснува;<br>-дава примери<br>организира бура на идеи;<br>-поттикнува дискусија;<br>-дава задача за изготвување пропагандни материјали;<br>-организира игри на улоги во врска со предрасудите и нивното надминување. | -хигиена и здравствено воспитување;<br>-граѓанско образование;<br>-знаења од општа култура за култури и обичаи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. ОРГАНИЗА-ЦИЈА НА ПСИХИЧ-КИОТ ЖИВОТ ЛИЧНОСТ**<br>**-поим за личност**<br>**-структура на личноста**<br><br>**-динамика на личноста** | **14** | -да ги опишува основните принципи на здравствената пропаганда;<br>-да дискутира и дава примери за етнички предрасуди;<br>-да има негативен став кон етничките предрасуди.<br><br>-да дефинира личност и да ги опише нејзините главни особини;<br>-комплексноста на личноста да ја објаснува преку доминантните теории на личност;<br>-да ја објаснува личноста како динамична огранизација на црти;<br>-да ја објаснува личноста како единствена комбинација на особини;<br>-со практични примери да ги открива цртите на темпераментот, карактерот и сл.<br><br>-да може да ги открие фрустрациите и конфликтите што се јасно манифестирани;<br>-да ги препознае манифестираните механизми на одбрана кај болните и со нив да го објасни нивното однесување;<br>-да умее да ги реши конфликтите од секојдневниот живот, и на работното место; | -излага, објаснува<br>-дава примери<br>-покажува шеми за стуктура на личноста<br>-ги поттикнува учениците да опишуваат личности што им се познати;<br>-бара од учениците да анализираат студии на случаи<br><br>-бара од учениците да прават самоопис;<br>-развива дискусии;<br>-ги поттикнува учениците на (само)набљудување и анализирање на однесувањето во конфликтни ситуации. | -биологија;<br>-хигиена и здравствено воспитување;<br>-секојдневно искуство; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-развој на личноста**<br><br><br><br><br><br><br><br>**4. НАРУШУВАЊА НА ПСИХИЧКИОТ ЖИВОТ** | <br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>**11** | -да ги опишува факторите за развојот на личноста и ја објаснува нивната поврзаност и условеност;<br>-да ги опишува карактеристиките на одделни развојни периоди и дава примери за нив;<br>-да објаснува и дава примери за зрела личност.<br><br><br>-да разликува нормално од пореметено однесување<br>-да забележува симулирано однесување и соодветно помага во дијагностиката и терапијата;<br>-да ги објаснува изменетите состојби на свеста (сон, спиење, автоген тренинг, хипноза);<br>-да ги идентификува нарушувањата на свеста (сомноленција, сопор, кома, делирантно помрачување, самрачна состојба, фуги) и умее соодветно на состојбата да постапува со болниот;<br>-да ги објаснува нарушувањата на личноста и на психичкиот живот (неврози, психози и психопатска личност);<br>-да ги препознава јасно манифестираните нарушувања на психичкиот живот;<br>-да ги опишува и објаснува болестите на | -обаснува;<br>-дава примери, прикажува студии на случаи;<br>-развива дискусија за различни видови однесување од секојдневниот живот;<br>-ги наведува учениците да опишат состојби на нарушена свест забележани во практиката со пациенти;<br>-упатува на набљудување и забележување на однесувањето на пациенти;<br>-прикажува видео-снимки во кои е прикажано нарушено однесување;<br>-им дава задача на учениците да изготвуваат трудови на тема *животен* | -биологија;<br>-патологија;<br>-нега на болен;<br>-искуство од секојдневниот живот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. СПЕЦИЈАЛНА ПСИХОДИНА-МИКА ВО ЗДРАВСТВОТО**<br>**-методи и техники во здравствената практика**<br><br>**- основни принципи на комуникацијата** | **12** | зависност;<br>-да ги поврзува телесните нарушувања и психичките промени кај болестите на зависност;<br>-да препознава болни од болести на засвисност;<br>-да ги објаснува негативните последици од девијантното однесување;<br>-да најде соодветни превентивни мерки од најразлични видови девијантно однесување.<br><br>-да ги разликува и опишува основните методи и техники (демонстрација, интервју, тестови, систематско набљудување, самонабљудување) кои се користат во здравството;<br>-да поседува основни вештини за набљудување, самонабљудување и интервјуирање;<br><br>-да ги објаснува психодинамските карактеристики на личноста на болниот;<br>-да ги објаснува психодинамските карактеристики на личноста на здравствениот работник;<br>-да ги применува принципите на комуницирање во интерперсоналните односи;<br>-да умее да комуницира со пациентите соодветно на нивните карактеристики | *стил.*<br><br>-објаснува;<br>-организира вежби за набљудување, самона-бљудување, интервју;<br>-организира на вежби за демонстирање на: давање инсули, мерење ацетон во урина и сл.<br><br>-објаснува;<br>-дава примери;<br>-организира вежби за: слушање, користење и интерпретирање на мимика;<br>-организира играње на улоги на различни ситуации на комуникација;<br>-организира дискусија за примери на (не)соодветна комуникација. | -нега на болен;<br>-хигиена со здравствено воспитување;<br>-мајчин јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | (возраст, култура, болест...);<br>-да ја објаснува практичната поделба и да разликува типови здравствени работници;<br>-да поседува професионални карактеристики на здравствен работник;<br>-да ги идентификува негативните механизми во односите здравствен работник - болен;<br>-да умее да воспостави добри интерперсонални односи и да работи во тим. | -дава задачи што бараат тимска работа; | -хигиена со здравствено воспитување;<br>-интерна медицина;<br>-хирургија;<br>-инфективни болести. |
| **6. ПСИХОЛОШКА ПРАКТИКА СО ПАЦИЕНТИ**<br>**-ментална хигиена** | **10** | -да ги дискутира теоретските и практичните проблеми на менталната хигиена<br>-да ја објаснува важноста на менталната хигиена за зацврстување на психичкото здравје;<br>-да ги разликува психичките карактеристики на детството, младоста и староста; | -организира демонстрации за неопходноста од комуникацијата и соработката;<br>-организира играње на улоги;<br>-објаснува, дава примери;<br>-насочува дискусија за поврзаноста на телесното и психичкото; | |
| **-психолошки профил кај различни соматски болести** | | -да ги разликува и објаснува психолошките карактеристики на болните од типични соматски болести (кардиоваскуларни, заболувања на дигиталниот тракт, неоплазми, инфективни болести, интоксикации, трауми, болести на метаболизмот и ендокрините жлезди);<br>-комуникацијата со болните ја | -ги поттикнува учениците да ги забележуваат и анализираат психичкото однесување на различни болни | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | прилагодува на типот на нивната болест | | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Според зацртаните цели на Наставната програма по психологија, покрај традиционалните методи (предавање, работа со текст, прераскажување), ќе се користат и методи на активно учење: насочена дискусија, играње на улоги, учење преку откривање, техники на продуктивно мислење, групна работа, изработка практични трудови.

Од учениците ќе се бара да доаѓаат до информации од различни извори, потоа да ги анализираат, синтетизираат, да вежбаат однесување во симулирани ситуации, да ги применуваат знаењата во практика. Прашањата на наставникот ќе бидат насочени кон барање мислења, изнесување ставови. Учениците и сами ќе поставуваат прашања на кои ќе бараат одговори.

Активности на ученикот: слуша, чита, набљудува, забележува, реагира, бележи, подредува, поврзува, објаснува, анализира, воопштува, открива, дискутира, прашува, игра улоги, зазема став, проценува.

Активности на наставникот: планира, организира, обезбедува средства и материјали, излага, објаснува, насочува, прашува, дискутира, поттикнува, оценува, упатува, ја анализира и проценува сопствената работа.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставниот предмет се изучува со два часа неделно во текот на една учебна година. Наставните содржини се во функција на струката и сите содржини се поврзуваат со ситуации од здравствената практика. Централно место имаат темите специјална психодинамика во здравството и психолошка практика со пациенти. Овие теми се поврзани со практиката на учениците во работа со пациенти и тие во наставата по психологија добиваат задачи за набљудување, забележување, комуницирање, анализа и самоанализа.

Наставата се реализира според глобалното и тематското планирање на содржините и активностите.
По правило наставата се одржува во кабинет или во училница. Некои содржини можат да се реализираат и на други места (здравствени организации, кино).

## 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставата се користат техничките средства со кои располага училиштето (графоскоп, дијапроектор, видеорикордер, видеокамера, касетофон, фотокопир, компјутер и сл).

Наставникот треба да користи прирачник за реализација на Програмата, нагледни средства како шеми, слики, фотографии, видеоснимки, написи и сл. Потребно е училиштето да поседува психолошка литература (книги, списанија) што ќе ја користат наставникот и учениците.

Неопходно е учениците да користат учебник соодветен на Наставната програма.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на учениците се врши континуирано со користење на различни методи и инструменти (усно презентирање, есејски трудови, тестови, ученички проекти, чек листи, систематско набљудување на практичните изведувања).

Стандардите и критериумите за оценување на учениците им се однапред познати.

Во текот на годината се врши формативно оценување во функција на насочување на учењето и покачувањето на нивото на постигнувањата. Се користат и постапки за самооценување и заемно оценување.

Во секое полугодие, ученикот добива најмалку две сумативни оценки.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование наставникот треба да поседува квалитетни стручни знаења од предметот што ќе умее да го поврзе со здравствената практика, постојано да ги осовременува и да ги поврзува со актуелните настани што можат да се поврзат со програмските содржини. Наставникот треба да поседува професионални квалитети: да располага со репертоар на наставни методи и техники, да формира збирка на наставни средства, да е организиран, систематичен, да умее да ги користи техничките средства кои му се потребни.

Тој треба да покажува и лични особини потребни за постигнување на целите на предметот: вештини за комуникација, разбирање на емоциите на други, толерантност за поинакви мислења, почитување на индивидуалните разлики, немање предрасуди, способности за конструктивно решавање конфликти.

## 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по психологија ја реализира лице што завршило студии по психологија. При исто високо образование по психологија, предност треба да имаат лица што имаат претходна медицинска едукација или практика.

## 6.3. Стандард за простор и опрема

Наставата се реализира во кабинет или класична училница. Училницата треба да биде опремена со соодветни наставни материјали и, да бидат на располагање техничките наставни средства со кои располага училиштето.

# 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПРОГРАМАТА

## 7.1. Датум на изработка: мај 2001

## 7.2. Состав на работната група

1. М-р Горица Мицковска, советник, Биро за развој на образованието, Скопје
2. Проф. д-р Виолета Арнаудова, професор, Институт за психологија, Филозофски факултет, Скопје
3. Лиле Милева, професор, ДСМУ д-р Панче Караѓозов, Скопје
4. Вера Цуракова, психолог, Здравствен дом Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2001 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програмата по ***психологија***, ја одобри (донесе) ) министерот за образование и наука со решение бр. 11.3006/1од о3.07.2001година.